# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 27 Февруари 2018 година Скопје Бр.2 Год. XIII |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73

Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот

тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308

фах. 02/2033-309


*Содржина:*


1. Годишен Извештај за работата на ПС од ОН „Ѓорче Петров“ за 2017 година ..................................стр.2
2. Одлука за применување на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/15, 99/16, 134/16 и 33/17 ), во постапките за спроведување на Детални урбанистички планови донесни согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кој не е повеќе во важност на територијата на Општина Ѓорче Петров ..........................................................................................................стр.4
3. Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за IV квартал од 2017 година.стр..6
4. Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година.стр..8
5. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година ..........................................................................................................стр.10
6. Правилник за начин за доделување на еднократна парична помош или материјална поддршка на физички лица ..........................................................................................................стр.12


**Февруари 2018 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работата на ПС од ОН „Ѓорче Петров“ за 2017 година**

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работата на ПС од ОН „Ѓорче Петров“ за 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Шесттата седница на Советот, одржана на ден 27.02.2018 година.

**Број 09-730/1**
**од 27.02.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 25 од Законот за полиција (Службен Весник на Р.М. бр. 114/06), член 16 став 1 точка 28 и 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на ден 27.02.2018 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишен извештај за работата**
**на ПС од ОН „Ѓорче Петров“ за 2017 година**

1. Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Годишниот извештај за работата на Полициска станица од општа надлежност „Ѓорче Петров“ за 2017 година.

2. Заклучокот ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-649/3**
**Од 27.02.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за применување на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/15, 99/16, 134/16 и 33/17 ), во постапките за спроведување на Детални урбанистички планови донесни согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кој не е повеќе во важност на територијата на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за применување на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/15, 99/16, 134/16 и 33/17 ), во постапките за спроведување на Детални урбанистички планови донесни согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кој не е повеќе во важност на територијата на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на Советот, одржана на ден 27.02.2018 година.

**Број 09-730/2**
**од 27.02.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1, и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 14/15,193/15 и 31/16), а во врска со член 28 став 2 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.142/15), како и врз основа на член 16 став 1, точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13 ) и Статутарна одлука за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.13/14 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на 27.02.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За применување на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/15, 99/16, 134/16 и 33/17 ), во постапките за спроведување на Детални урбанистички планови донесни согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кој не е повеќе во важност на територијата на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа Одлука се применува Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/15, 99/16, 134/16 и 33/17 ), во постапките за спроведување на Деталните урбанистички планови донесени согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање кој не е повеќе во важност на територијата на Општина Ѓорче Петров .

**Член 2**

Оваа Одлука ќе се применува во постапките за спроведување на Деталните урбанистички планови (постапката за добивање на одобрение за градење, одобрување на иддеен проект и сл. ), освен за претходно започнатите постапки .

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и Секторот за урбанизам да ја применува оваа Одлука во постапките за спроведување на Деталните урбанистички планови.

**Член 4**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување , а ќе се објави во „Службен Ггласник на Општина Ѓорче Петров" .

**Број 08-649/4**
**од 27.02.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за IV квартал од 2017 година**

Се објавува Одлуката за усвојување Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за IV квартал од 2017 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на Советот, одржана на ден 27.02.2018 година.

**Број 09-730/3**
**од 27.02.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 6-тата седница одржана на ден 27.02.2017 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за IV квартал за период од 01.10.2017 до 31.12.2017 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за IV квартал, за период од 01.10.2017 година до 31.12.2017 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-649/5**
**Од 27.02.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за проширување на средствата**
**во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година**

Се објавува Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на Советот, одржана на ден 27.02.2018 година.

**Број 09-730/4**
**од 27.02.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М.5/2002), член 28 точка 1 од Законот за финансирање на единици на локална самоуправа ( Сл. весник на Р.М. бр.61/04,96/04,67/07,156/09,47/11 и 192/15) и член 15 точка 2 од Сатутот на општина Ѓорче Петров-пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарна одлука за измени и дополнувања на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.13/14), Советот на општина Ѓорче Петров на 06-татат седница одржана на 27.02.2018 година донесе:

# ОДЛУКА

за проширување на средствата на Буџетот на Општина **Ѓорче Петров**

за **2018** година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општин ѓорче Петров за 2018 година, на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потаставки :** | | | | |
| 741211 Капитални трансфери од други нивоа на власт | 0 | 0 | 183.400 | 0 |
| | **0** | **0** | **183.400** | **0** |
| **и се распредуваат на следните расходни потаставки :** | | | | |
| | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **0** | **0** | **183.400** | **0** |
| **В10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 481220 Набавка или нова изградба на деловни објекти | 0 | 0 | 183.400 | 0 |
| | **0** | **0** | **183.400** | **0** |

член 2

Проширувањето на средствата влегува во сила со денот на донесувањето и стану составен дел на Буџетот на општина Ѓорче Петров, а ќе се објават во Службен гласник на општина Ѓорче Петров.

**Број 08-649/6** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 27.02.2018 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година**

Се објавува Одлуката измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шесттата седница на Советот, одржана на ден 27.02.2018 година.

**Број 09-730/5**
**од 27.02.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М.5/2002), член 28 точка 1 од Законот за финансирање на единици на локална самоуправа ( Сл. весник на Р.М. бр.61/04,96/04,67/07,156/09,47/11 и 192/15) и член 15 точка 2 од Сатутот на општина Ѓорче Петров-пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарна одлука за измени и дополнувања на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.13/14), Советот на општина Ѓорче Петров на 06-татат седница одржана на 27.02.2018 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ѓорче Петров**

**за 2018 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ѓорче Петров за 2018 година на следниот начин :

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Л00** | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | | | | | |
| 463110 | Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 0 | 0 | 0 | -200.000 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 0 | 200.000 | 0 |
| **Н10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | 0 | 0 | 0 | -15.300 | 0 |
| 423110 | Канцелариски материјали | 0 | 0 | 0 | -9.000 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 0 | -8.000 | 0 |
| 423610 | Наставно-образовни помагала | 0 | 0 | 0 | 193.300 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 0 | -91.000 | 0 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 0 | 0 | 0 | -20.000 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 0 | 0 | -50.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**член 2**

Проширувањето на средствата влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на општина Ѓорче Петров, а ќе се објават во Службен гласник на општина Ѓорче Петров.

**Број 08-649/7**
**Од 27.02.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Правилник за начин за доделување на еднократна парична помош или материјална поддршка на физички лица**

Се објавува Правилникот за начин за доделување на еднократна парична помош или материјална поддршка на физички лица, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Шесттата седница на Советот, одржана на ден 27.02.2018 година.

**Број 09-730/6**
**од 27.02.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен Весник на РМ " Бр. 05/02 ), член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Бр. 18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 6-тата седница , одржана на ден 27.02.2018 година донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за начин за доделување на еднократна парична помош или материјална поддршка на физички лица**

## I.Општи одредби

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат начинот и критериумите врз основа на кои Општина Ѓорче Петров, согласно законските прописи и подзаконските акти, но во рамките на средствата наменети во Буџетот на Општината, ќе доделува еднократна парична помош или материјална поддршка на физички лица, жители на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Парична помош или материјална поддршка од член 1 на Правилник, се доделува на физички лица, врз основа на поднесено барање до Општината, по кое постапува Комисија формирана од Градоначалникот.

**Член 3**

Граѓаните кои ќе поднесат барање до Општината за добивање парична помош или материјална поддршка, должни се во барањето да ги наведат причините поради кои имаат потреба од помош.

## II.Начини и критериуми за доделување на еднократна парична помош или материјална поддршка на физички лица

**Член 4**

Општина Ѓорче Петров во рамки на можностите постапува по барања за парична помош или материјална поддршка на физички лица, за следниве категории:

1. Физички лица за кои е потребна хируршка интервенција во странство;

2. Тешко болни лица и приматели на терапија во однос на следниве состојби и болести:
    - Хронична исхемична болест на срцето кај кои постои индикација за операција;
    - Срцев инфаркт со компликации;
    - Мозочен удар со трајни функционални пореметувања кои ги загрозуваат основните животни функции и животната активност на осигуреникот;

- Мултиплекс склероза;
- Паркинсонова болест;
- Алцхајмерова болест;
- Сида;
- Акутно или хронично откажување на функцијата на бубрезите од што произлегува потреба за хемодијализа или трансплантација на бубрег;
- Откажување на функцијата на црниот дроб која не е предизвикана од алкохол, а кај која постои индикација за операција;
- Анкилозен спондилитис;
- Ревматоиден артритис;
- Малигни болести кои бараат хемотераписко лекување;
- Аутизам;
- Деца со посебни потреби;

3. Самохрани родители со висок степен на социјален ризик;

4. Деца без родители и родителска грижа;

5. Поединци или семејства поради настаната материјална штета од пожар или поплава, но не како резултат на елементарна непогода;

6. Физички лица корисници на минимална социјална помош;

7. Семејства во кои нема вработени;

8. Новоформирани брачни двојки кои се невработени;

**Член 5**

Во прилог на барањето за доделување еднократна парична помош или материјална поддршка, треба да биде доставена комплетна документација со која се докажува основаноста на барањето и тоа за:

1. **<u>Физички лица за кои е потребна хируршка интервенција во странство</u>**
   - Доказ за идентитет на барателот/примателот (копија од извод на родени, лична карта или патна исправа);
   - Потврда/Доказ за закажана хируршка интервенција во странство или конзилијарно мислење; Доказ за болеста;
   - Копија од трансакциска сметка;

**Висината на паричната помош, Комисијата ја утврдува во согласност со можностите и во согласност со приложената документација (вид на интервенција, држава и сл.).**

2. **<u>Тешко болни лица и приматели на терапија</u> <u>во однос на наведените состојби и болести:</u>**
   - **Доказ за идентитет на барателот/примателот (копија од извод на родени, лична карта или патна исправа);**
   - **Доказ за болеста / терапијата на примателот издадена од овластено лице во однос на следниве болести и состојби:**
     - **Хронична исхемична болест на срцето кај кои постои индикација за операција;**
     - **Срцев инфаркт со компликации;**
     - **Мозочен удар со трајни функционални пореметувања кои ги загрозуваат основните животни функции и животната активност на осигуреникот;**
     - **Мултиплекс склероза;**
     - **Паркинсонова болест;**
     - **Алцхајмерова болест;**
     - **Сида;**
     - **Акутно или хронично откажување на функцијата на бубрезите од што произлегува потреба за хемодијализа или трансплантација на бубрег;**
     - **Откажување на функцијата на црниот дроб која не е предизвикана од алкохол а кај која постои индикација за операција;**
     - **Анкилозен спондилитис;**
     - **Ревматоиден артритис;**
     - **Малигни болести кои бараат хемотераписко лекување;**
     - **Аутизам;**
     - **Деца со посебни потреби**
   - **Копија од трансакциска сметка;**

**Висината на паричната помош, Комисијата ќе ја утврдува во согласност со можностите и во согласност со приложената документација.**

3. **<u>Самохрани родители со висок степен на социјален ризик;</u>**
   - **Доказ за идентитет на барателот/примателот (копија од извод на родени, лична карта или патна исправа);**
   - **Копија од извод на родени на децата ;**
   - **Доказ дека бракот е разведен, Извод од матична книга на умрени доколку брачниот другар е починат или Изјава дека живее сам со детето/децата;**
   - **Потврда за месечни примања кои не го надминуваат износот од 15 000 ден;**
   - **Копија од трансакциска сметка;**

Висината на паричната помош, Комисијата ја утврдува во висина од 5 000 денари по дете во семејството, но да не го надминува износот од 15 000 денари.

4. **<u>Деца без родители и родителска грижа;</u>**
    - Доказ за идентитет на барателот/примателот (копија од извод на родени, лична карта или патна исправа);
    - Потврда издадена од центарот за социјални работи дека лицето/лицата се без родителска грижа;
    - Доказ за стрателство на лицето на кое му е доделено старателство;
    - Копија од трансакциска сметка;

Висината на паричната помош, Комисијата ја утврдува во висина од 10 000 ден .

5. **<u>Поединци или семејства поради настаната материјална штета од пожар или поплава, но не како резултат на елементарна непогода ;</u>**

    - Доказ за идентитет на барателот/примателот (копија од извод на родени, лична карта или патна исправа);
    - Податоци за местото каде е настаната материјалната штета;
    - Потврда за утврдена состојба издаден од овластена институција (пожарна, полиција) или увид на лице место;
    - Копија од трансакциска сметка;

Висината на паричната помош, Комисијата ќе ја утврдува во согласност со можностите и во согласност со приложената документација (настаната штета и сл.)

6. **<u>Физички лица - корисници на минимална социјална помош;</u>**
    - Доказ за идентитет на барателот/примателот (копија од извод на родени, лична карта или патна исправа);
    - Документ со кој докажува дека е корисник на социјална помош;
    - Копија од трансакциска сметка;

Висината на паричната помош, Комисијата ја утврдува во висина од 10 000 ден .

7. **<u>Семејства во кои нема вработени;</u>**

    - Доказ за идентитет на барателот/примателот (копија од извод на родени, лична карта или патна исправа);
    - Потврда за невработеност на членовите на семејството;

- Копии од лични карти од полнолетните членовите на семејството и копии од извод на родени на малолетните членови на семејството;
- Копија од трансакциска сметка;

Висината на паричната помош, Комисијата ја утврдува во висина од 3 000 ден по член во семејството но не повеќе од 12 000 ден.

8. **<u>Новоформирани брачни двојки кои се невработени;</u>**

- Доказ за идентитет на барателот/примателот (копија од извод на родени, лична карта или патна исправа);
- Потврда за невработеност на брачните другари;
- Копија од Извод на венчани не постар од 6 месеци;
- Копија од трансакциска сметка;

Висината на паричната помош, Комисијата ја утврдува во висина од 12 000 денари .

## III. Комисија за доделување на еднократна парична помош или материјална поддршка на физички лица

### Член 6

По поднесени барања за доделување на еднократна парична помош или материјална поддршка на физички лица до 50.000 денари одлушува Градоначалникот на Општината по претходен предлог на Комисијата формирана од Градоначалникот.

По поднесени барања за доделување на еднократна парична помош или материјална поддршка на физички лица над 50.000 денари одлучува Советот на Општина Ѓорче Петров по претходен предлог на Комисијата за финансирање и буџет на Советот на Општината.

### Член 7

Комисијата работи на седници кои ги свикува и со кои раководи Претседателот на Комисијата, два пати во текот на месецот.

За текот на седниците на Комисијата се води Записник.

### Член 8

Комисијата ја проверува основаноста и комплетноста на документацијата приложена кон Барањата во согласност со наведените критериуми.

Комисијата согласно утврдената основаност на Барањата изготвува предлог и истиот го доставува до Градоначалникот согласно член 6 став 1 од Правилникот да изврши доделување на еднократна парична помош или материјална поддршка на физички лица.

Во случај на одбиени барања, комисијата изготвува Известување до подносителот на барањето.

Барањата поднесени во согласност со член 6 став 2 од Правилникот, Комисијата ги доставува со писмен поднесок до Комисијата за финансирање и Буџет на Општината за понатамошно постапување.

Врз основа на прифатениот предлог од страна на Градоначалникот или Советот на Општината, се изготвува Решение од страна на одговорното лице за административно техничка поддршка во Комисијата..

**IV. Преодни и завршни одредби**

**Член 9**

Составен дел на Правилникот се обрасците за доделување еднократна парична помош или материјална поддршка.

**Член 10**

Со донесување на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за начин на доделување и користење средства за парична помош,поддршка или материјални добра на физички лица број 07-162/6 од 30.01.2012 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.1/2012).

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров "

**Број 08-649/8**
**од 27.02.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**